Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 19.04.2023

На 19.04.2023 во 01.05 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.И.(20) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.04.2023 во 21.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (18.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 626 возачи. Од нив 24 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 320 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 306 надвор од населено место.

На 18.04.2023 во 19.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат Валандово-Струмица, во близина на с.Костурино, патничко моторно возило “пежо 508“, со струмички регистарски ознаки, управувано од В.Р.(56) од Струмица, излетало надвор од коловозот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 214 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 124 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се пет санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири санкции за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла)...

На 18.04.2023 во 14.40 часот било пријавено дека на локалниот пат во с.Добарце-тетовско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило “фолксваген голф“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ф.А.(65) од с.Добарце, и патничко моторно возило “сеат“ со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.М.(22) од истото село. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Ф.А., а С.М. се здобила со телесни повреди констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

Криминалистичката полиција при СВР Битола на 18.04.2023 го лиши од слобода Н.Д.(43)од Битола поради сомнение за извршени разбојништва на подрачјето на Битола. Имено, на 11.04.2022 околу 08.00 часот, пријавениот со цел да се стекне со противправна имотна корист, во аптека на ул.„Солунска“ во Битола, со закана со пиштол кон вработената, од магацинскиот простор одзел пари.На 16.05.2022 во 08.40 часот, пријавениот во обложувалница во комплекс Безистен во Битола, со закана со нож од вработената одзел пари.На 18.04.2023 во 06.55 часот, Н.Д. од аптека на ул.„Димитар Илиевски Мурато“, со закана со нож кон вработената, од магацински простор на аптеката, одзел пликови со сметки. Н.Д. е приведен и против него до ОЈО Битола е поднесена пријава, поради сомнение за сторено кривично дело „разбојништво“, предвидено и казниво по чл.237 ст.1 од Кривичниот законик, а од страна на судија на претходна постапка на лицето му е определена мерка притвор од 30 дена.

На 18.04.2023 година во 11.10 часот на Граничниот премин Ќафасан, полициски службеници го лишиле од слобода З.Д.(53) од Р.Албанија поради тоа што на стоп листа евидирал со мерка “апси“ поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело. Тој бил задржан во Полициската станица Кичево за понатамошна постапка.

На 18.04.2023 во 19.35 часот во Полициската станица Гази Баба Л.Ш.(48) од Скопје, пријавила дека во с.Јурумлери била касната од куче скитник.

На 18.04.2023 во 17.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Струга привеле малолетничка од струшко село. Таа била затекната при извршување кражба во продажен објект во Струга, при што одзела повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а со малолетничката бил извршен службен разговор во полициска станица во присуство на родител. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.04.2023 околу 14.50 часот на автобуска постојка на бул.„11 Октомври“ во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Р.Б.(66) од Скопје. Тој бил затекнат при обид да одземе мобилен телефон од лице од Скопје. Р.Б. е задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (19.04.2023) околу 06.20 часот кај Касарна Гевгелија од страна на полициски службеници биле забележани патничко моторно возило „мерцедес“,управувано од К. Ј.(26) и патничко моторно возило „форд фокус“, управувано од С.Б. (51), двајцата од Скопје, во кои илегално се превезувале мигранти. Возилата биле запрени од страна на полициски службеници, по што возачите и мигрантите се обиделе да избегаат, а при тоа К.Ј. физички нападнал полициски службеник, обидувајќи се да му го одземе пиштолот. Притоа, полицискиот службеник испукал од службениот пиштол и погодил еден од мигрантите, кој веднаш бил пренесен со полициско возило во објектот на Итна медицинска помош за укажување лекарска помош, каде починал. К.Ј. и С.Б. се приведени, а притоа осум лица мигранти се фатени. Известен е јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за расчистување на случајот. На лице место е извршен увид од ОЈО Гевгелија и по расчистување на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 18.04.2023 во периодот од 07.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Тетово, на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје и околните регионални патишта, била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени и санкционирани 49 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-30 и ГВ-19). Едно од пречекорувањата (ГВ) било за над 70 километри на час, 12 (ТЕ-4 и ГВ-8) до 70 километри на час и така натаму. Покрај ова, санкционирани биле и 11 пречекорувања на пропишаната брзина (ТЕ) во населено место, како и 2 други видови прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-1). На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби од 10 до 400 евра во денарска противвредност, зависно од големината на пречекорувањето, а дел од нив и со времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 18.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 56 прекршоци, од кои 32 надвор од населено место и 24 во населено место. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 18.04.2023 во 01.30 часот во Полициската станица Пробиштип, од Итната медицинска помош Пробиштип било пријавено дека за укажување лекарска помош бил донесен И.С.(53) од Пробиштип. Според пријавеното, тој се здобил со повредата при работа во рудник во с.Добрево, пробиштипско.

На 18.04.2023 во 17.58 часот 29 - годишна скопјанка пријавила дека во домот на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од нејзиниот сопруг П.К.(33) од Скопје, кој употребил и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 17.30 часот во продажен објект во с.Арачиново, Б.Д. и Б.Д., поради претходно недоразбирање, физички го нападнале И.И.(44), при што еден од нив го удрил со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2023 во 14.15 часот во СВР Скопје, А.И.(45) од Скопје пријавила дека на 29.03.2023 околу 13.00 часот во училишен двор на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син бил нападнат од друг ученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.04.2023 во 22.50 часот во Полициската станица Струга, М.С.(22) од Струга пријавила дека на ул.„Ѓоко Ѓумкароски“ во Струга била касната од куче скитник.

На 18.04.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Струга, Н.П.(54) од с.Вевчани, Струга, пријавила дека на улица „Маршал Тито“ во Струга била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.С.(67) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. На 22.02.2023, на објава на социјална мрежа Фејсбук, тој напишал коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.В.(68) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. На 09.07.2022 на објава од портал на социјална мрежа Фејсбук, тој напишал коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.К.(24) и правно лице – менувачница од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволена наплата или исплата во ефективни странски пари“. Првопријавениот, во својство на управител регистрирал фирма, без притоа да обезбеди лиценца или да обезбеди решение од Народната банка на Република Северна Македонија за правното лице. При извршена контрола во правното лице биле пронајдени ефективни странски валути и денари, кои ги употребувал за реоткуп .

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(36) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено ловење, чување и оттуѓување диви животни и птици“. Во текот на 2021 и 2022 година, пријавениот набавил две диви животни за кои немал издадено одобрение и не биле регистрирани во државен инспекторат за шумарство и ловство за да може да ги одгледува и размножува.

На 18.04.2023 во 21.20 часот во СВР Куманово, Д.Б.(37) од Куманово пријавила дека на булеварот „Октомвриска револуција“ во Куманово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет